РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-3317/1
12.9 2012 год.
СКОПЈЕ

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Мирко Буневски од Скопје, согласно член 2 став 1 точка 16 и член 18 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 10.09.2012 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ УТВРДУВА дека службеното лице - Републички секретар на Службата за државна безбедност, Мирко Буневски ЕМБГ 1010928450138, роден на 10.10.1928 година бил наредбодател, во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

***Образложение***

За Мирко Буневски, лице кое било носител на јавна функција-Републички секретар на Службата за државна безбедност, Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Мирко Буневски во Државниот архив на Република Македонија постојат документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствување со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните.

Од увидот во Државниот архив на Република Македонија се утврди дека постојат следниве документи: Решение бр.1037 од 14.12.1978 година за уградување на оперативно- техничките средства за тајно прислушкување од една страна, информација за некои понови сознанија за активноста и однесувањето на одредено лице бр. 339 од

25.07.1980 година од три страни; Извештај бр.37 од 25.01.1980 година од три страни; Извештај за вербални непријателски истапи и искажувања на националистичко шовинистичка основа бр.499 од 06.09.1979 година од три страни; Решение за одобрување мерка контрола на преписка и други пратки бр. 1167 од 05.04.1982 година од една страна; Решение за одобрување мерка контрола на телефони бр.1168 од 1982 година од една страна; Извештај за преземени мерки на службата во врска со појавата на пеење на албански песни со националистичко-иредентистичка содржина од страна на ученици од трговскиот училишен центар "Скопје" во Скопје бр.142 од 31.03.1982 година од 5 страни; Решение бр.78 од 09.01.1975 година од една страна и Решение бр.79 од 09.01.1975 година од една страна.

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, соглано член 2 став 1 точка 16 и член 18 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност утврди дека Мирко Буневски бил наредбодател во смисла на овој закон и дека го исполнува условот за ограничување за вршење јавна функција или јавно овластување во периодот на примената на овој закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

**ПОУКА**: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

**ДНА**: Да се достави на лицето Мирко Буневски.